**МАНИФЕСТ НА ELDR ЗА ЕВРОПСКИТЕ ИЗБОРИ 2009**

Усвоен на Конгресот во Стокхолм на 31 октомври 2008 год.

# ЛИСТА НА 15-ТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ЕВРОПСКИТЕ ЛИБЕРАЛИ ЗА ЕВРОПСКИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

Повеќе од 60 години Либералите во Европската Унија придонесоа многу за постигнување мир, единство и напредок. Продолжуваме да работиме за поспособна и подемократска Унија, комплетирање на единствениот пазар, побезбедна животна средина и промовирање на граѓанските слободи и основните права. Сакаме Унијата да има водечка улога во справувањето со светските безбедносни предизвици и во реагирањето на меѓународната финансиска криза и нејзините последици. Унијата мора да се модернизира и засили согласно со вредностите и принципите на либералната демократија и пазарното стопанство.

Либералите се трета група по големина во Европскиот Парламент и често се истакнуваат по решенијата што ги нудат во законите и политиките.

ELDR верува дека е неопходно да се усвои Лисабонскиот договор и повикува да се спроведе. Договорот значително ги реформира институциите на Европската Унија, ја подобрува транспарентноста, го зајакнува демократскиот карактер и ѝ ги обезбедува на ЕУ неопходните средства за денешните глобални предизвици. Европските либерални демократи ги повикуваат земјите членки на ЕУ да се согласат за начините за негово брзо спроведување.

## Граѓански слободи

Граѓанските слободи и слободата се темелите на либерална Европа.

1. ELDR бара почит за сите основни слободи во ЕУ, особено на слободата на печатот, мислата, говорот, слободата за здружување, вероисповед и сопственост и запазување на правата на малцинствата и на правата на поединците на приватност и заштита на личните податоци и достоинство.
2. ELDR сака ЕУ да стане вистинско подрачје на слобода, безбедност и правда, и повикува за посилна соработка меѓу полицијата и судството за поефикасна борба против прекуграничниот криминал, тероризмот и корупцијата. Основните процедурални права на осомничените мора да се почитуваат секогаш и безусловно.

## Единствен пазар на ЕУ, раст и вработување

Прекуграничната конкуренција, делењето знаење и слободната трговија со стоки и услуги имаат суштинско значење за зголемување на меѓународната стопанска конкурентност на ЕУ.

3. ELDR ја поддржува идејата за „петта слобода“ - слобода на движењето на знаењето, што вклучува поголема подвижност за студентите, академиците и научниците - помеѓу земјите членки, така што ќе се поттикнат пронајдоците и откритијата. ELDR се залага за единствен пазар за интелектуалната сопственост.
4. ELDR верува дека едно конкурентно европско деловно опкружување е многу важно за да се постигне највисокиот можен животен стандард за европските граѓани и за да се промовираат стандардите на ЕУ на глобално ниво. Единствениот пазар треба да се засили и да се прошири во енергетскиот сектор, на поштенските и финансиските услуги, на железницата и здравството, со истовремено олеснување на слободното движење на услугите и работниците, вклучувајќи го и понатамошното заемно признавање на квалификациите. Во рамките на СТО ЕУ треба да биде движечка сила за укинување на царините и тарифните бариери и за отворање на европскиот единствен пазар кон целиот свет.
5. ELDR повторно истакнува дека одржливиот раст, независноста на Европската централна банка и националните централни банки, како и здрава фискална политика согласно со критериумите од Мастрихт што ќе ги почитуваат сите земји членки – вклучувајќи ги и оние што треба да влезат во евро-зоната – остануваат суштински за напредокот и благосостојбата. Само една вистински конкурентна Европа што создава работни места и можности за сите може да ја нагласи социјалната димензија на единствениот пазар.
6. ELDR ги поздравува чекорите за реформирање на финансискиот систем и нагласува дека тие мора да се засновани врз подобра регулатива во спој со правилно спроведување на надзорот. Клучна гаранција за напредокот е во високото ниво на лична одговорност на сите учесници на пазарот. Враќање на политиките на национализација, прекумерна државна интервенција и протекционизам ќе бидат голема грешка. ELDR ја поддржува зголемената меѓународна соработка меѓу законодавните власти и зајакнувањето на меѓународните стандарди, и верува дека еден реформиран ММФ треба да игра водечка улога во овој процес за да се спречат потенцијална финансиски кризи во иднината.
7. ELDR го поддржува воведувањето на системот на „сина карта“ во ЕУ, што ќе ја регулира секоја држава членка независно, за да се обезбеди умерена економска миграција за добросостојбата на граѓаните на ЕУ.

## Политика за животната средина и енергијата

Единствениот предизвик на климатските промени и енергетската безбедност бара единствена акција во цела Европа. Европа мора да стане ефикасно стопанство со мало испуштање јаглерод што ќе го предводи светот во зачувувањето на

средината, обновливите енергии и креативните пазарни инструменти, со што ќе се обезбедат поттици за нови работни места.

8. ELDR нагласува дека во климатскиот пакет на ЕУ, на деловните субјекти им требаат помали административни товари, како и поттици за инвестирање во техники за подобрување на стопанството во насока на помало испуштање јаглерод. ELDR сака поголеми инвестиции во технологиите што обезбедуваат решенија, ефикасност и зголемена безбедност на снабдувањето со енергија.
9. ELDR сака да го растовари европскиот енергетски сектор за да се обезбеди транспарентност и да им се служи на потребите на потрошувачите, да се вградат климатски и енергетски политики врз основа на одржлив економски развој, и да се заштити придоата; сето тоа со цел да се биде прв во светот.
10. ELDR активно промовира амбициозни реформи на Заедничката земјоделска политика во мултилатерални рамки (СТО). Оваа реформа ќе им овозможи на земјоделците од ЕУ да се натпреваруваат на слободен светски пазар, подобро да ги задоволат сѐ поголемите светски потреби од храна на еколошки одговорен начин, да насочуваат средства за истражување на обновливи енергии, вклучувајќи и одржливи био-горива од новата генерација, како и да гарантираат долгорочно снабдување со храна. ELDR го поддржува постојаното намалување на буџетот CAP после 2013 год.

## Проширување, меѓународна, безбедносна и одбранбена политика

Во еден глобализиран свет, ниедна земја од ЕУ не може сама да се справи со заканите и предизвиците со кои сме соочени денес: управувањето со воени и граѓански кризи, обезбедување на снабдувањето со енергија и меѓународната трговија, контролата на оружјето и разоружувањето, борбата против тероризмот, организираниот криминал, климатските промени, сиромаштијата и кршењето на човечките права. Граѓаните на ЕУ очекуваат ЕУ и земјите членки да се држат заедно, да дејствуваат заедно и да играат ефикасна улога на светската сцена.

11. ELDR смета дека процесот на проширување на ЕУ беше успешен и го поддржува почитувањето на постојната решеност за проширување на ЕУ со оние земји што ги исполнуваат копенхагенските критериуми за придружување кон ЕУ според кои е многу важен капацитетот за интеграција.
12. ELDR верува дека ЕУ треба да игра важна улога и да има ефикасен придонес во светската безбедност, кадешто е потребно во соработка со структурите на НАТО. Затоа повикуваме на големи нови напори за зајакнување и проширување на Европската политика за безбедност и одбрана со здружување на европските ресурси и способности поврзани со одбраната. Тоа би ја подобрило воената одбранбена соработка на ЕУ и способноста за реакција на меѓународни безбедносни и хуманитарни кризи.
13. ELDR верува дека интересите на земјите членки на ЕУ најдобро ќе се исполнат преку Заедничка меѓународна и безбедносна политика, истапување како еден преку Високиот претставник за Заедничка меѓународна и безбедносна политика**.**

14. ELDR нагласува дека ЕУ треба уште повеќе да ги засили своите способности за справување со граѓански кризи и да го користи своето искуство за гарантирање на стабилноста, владеењето на правото и принципите на добро владеење во земјите што се или биле соочени со одредена ситуација или конфликт.
15. ELDR смета дека ЕУ треба да ги користи и уште повеќе да ги прошири своите значителни искуства во градењето институции и нации за да биде уште повеќе подготвена за справување со ситуации на регионална нестабилност, терористички закани произлезени од распаднати држави и хуманитарни кризи.